NSW HEALTH

Macedonian
August 2004
[DOH-7260]

# Проспект за приватноста на пациентите
## Privacy Leaflet for Patients

### Нашите обврски
Државната здравствена служба на НЈВ се залага да ја штити приватноста на информациите за пациентите и има преземено мерки за да се придржува кон своите обврски според Законот за приватност на здравствените податоци и информации од 2002 година (Health Records and Information Privacy Act 2002).

Овој проспект со информации ви објаснува какви лични податоци се чуваат за вас, како можете да добиете пристап до нив и целта за која што се користат и откриваат вашите лични информации. Во лични информации спаѓаат вашите лични податоци и податоци за вашето здравје што се поврзани со вашето лечење.

### Собирање податоци
Вашите лични информации ги евидентираме за да можеме да ви понудиме лечење и совет. Резултатите од тестови и податоците што понатаму ќе ги добиеме додека се лечите, се чуваат во вашето медицинско досие. Ние ги собираме податоците што се однесуваат и се потребни за вашето лечење и за да можеме да раководиме со оперирањето на здравствената служба.

Секогаш, кога е тоа можно, податоците ги бараме директно од вас. Можно е да треба да побараме информации од други здравствени стручни лица кои што ве лечеле. Во итни случаи, исто така, можеби ќе треба да побараме информации од некој член на семејството, пријател, лицето кое што ве негува или некое друго лице кое може да ни помогне да ви обезбедиме најдобра нега.

Вашите податоци можат да бидат чувани на хартија и во електронска форма. Ние ќе ги преземеме сите разумни мерки информациите што ќе ги добиеме за вас да бидат безбедно чувани. Според законот, здравствените информации треба да ги чуваме одреден период во зависност од типот на информациите и установата. Имаме воспоставено соодеветни системи и прописи за да ги заштитиме вашите информации од губење, неовластен пристап до нив и злонамерна употреба.

Ако не сакате да запишеме одредени податоци за вас, треба да ни кажете и ние ќе ги дискутираме со вас последиците до кои тоа може да доведе во поглед на вашата здравствена нега.

### Користење и откривање
Сиот персонал е обврзан со закон и етички правила да ги чуваат вашите податоци во доверба. Персоналот ќе ги употреби или открие вашите податоци за цел што е директно поврзана со вашето лечење и на таков

начин на кој што вие, во разумни рамки би очекувале да постапиме во врска со вашата сегашна и идна нега. Вашите лични здравствени податоци ќе бидат споделени со персоналот што е вклучен во вашата нега со цел да се утврди најдобриот третман за вас и да се помогне во спроведувањето на здравствената услуга што ќе ви се понуди. Потребните информации во врска со здравствените услуги што ги добивате, ќе се испратат кај вашиот домашен лекар кој што вие ќе ни го посочите, освен ако побарате да не го направиме тоа. Таму каде што е потребно, податоците ќе бидат испратени до други здравствени служби или болници што се вклучени во вашето лечење и нега или до Амбулатната служба на НЈВ (Ambulance Service of NSW), специјалистот, за да издаде упат за патолошки тестови, рентгенско снимање и така натаму.

Од нас се бара да откриеме одредени информации за пациентите и до државните и агенциите на Комонвелтот за да се придржуваме на законите за пријавување на болести што со закон мора да се пријават, како и за статистика, регистрирање на раѓања и умирања. Вашите лични информации може да се бараат како доказ на суд ако биде издаден налог за тоа.

Можно е да употребиме или откриеме информации на пациенти за цели како наплаќање, статутарно пријавување и други намени потребни за работата на здравствената служба во НЈВ, вклучувајќи ги и иницијативите за подобрување на безбедноста и квалитетот. Таму каде што е соодветно, можеби ќе ги откриеме податоците на пациентот на Medicare, приватните здравствени фондови или Одделот за воени ветерани (Department of Vetaran’s Affairs), Австралискиот совет за здравствени стандарди (Australian Council on Healtcare Standards) или слично тело за акредитација.

Постои можност да ги употребиме вашите информации за да стапиме во контакт со вас во врска со вршење анкети за тоа колку сте задоволни со негата, што ќе ни помогне да ги процениме и подобриме нашите услуги.

Вашите информации може да ги употребиме или откриеме за следниве цели во согласност со Статутарните начела (Statutory Guidelines) издадени според законот за приватност:

- за истражувачки проекти што се во интерес на јавноста, а кои се придржуваат на строги протоколи и се одобрени од Комитетот за човечки истражувања и етика (Human Research and Ethics Committee)
- за обука на персоналот и студенти
- за друг тип на планирање, финансиски или раководни цели за активностите на здравствената служба

Според статутарните начела, кога треба да се употребат вашите информации за вакви цели и е непрактично да се бара ваша дозвола, се употребуваат минимален број на лични информации и тие се користат во согласност со строги стандарди.

Вашата согласност ќе ја побараме пред употребата или откривањето на информациите за цели што не се наброени погоре, како активности за собирање доброволни прилози.

## Пристап до вашите податоци

Имате право да барате пристап до сите лични информации вклучувајќи го и вашето здравствено досие што го чуваат здравствени установи што ви понудиле здравствена услуга во HJB.

Обично, ќе ви побараат да поднесете молба за пристап на писмено и да обезбедите доказ за вашиот идентитет. Може да ви биде наплатено ако побарате копии од вашите лични информации или од здравственото досие.

Пристапот до вашите лични информации може да биде одбиен во посебни околности, како на пример, ако одобрувањето на пристапот би можел да ве изложИ на ризик или да ви наштети вам или на друго лице.

Ако сметате дека информациите што ги имаме за вас не се точни и е направена грешка, ве молиме да не известите и ние ќе ги поправиме грешките. Ако ние сметаме дека податоците се точни, можете да побарате вашето мислење да се забележи во досието.

Барањата за пристап до, или исправка на вашето здравствено досие треба да ги упатите или до Одделот за здравствени досијеа (Medical Record Department) или до генералниот директор на здравствената установа што сте ја посетиле.

## Јавете ни се

Ако имате прашања или поплаки во врска со приватноста на вашите информации, ве молиме да се јавите кај:

---

Insert Area Health Service contact

---

Доколку е потртебно, информациите може да бидат обезбедени со помош на преведувач. Оваа услуга е бесплатна и доверлива.